# БИОГРАФИЈА НА АВТОРКАТА – ДИМКА МИТЕВА

Д-р Димка Митева е родена на 18. II 1946 година во с. Варварица, Струмичко. Основно и средно образование има завршено во Струмица, а дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје на групата Славистика (под Б Македонски јазик) во 1970 година и се стекнала со звањето професор по Руски и Македонски јазик.

Од јануари 1971 година д-р Митева е на работа во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (во Одделението за лексикологија и лексикографија) отпрвин како стажант (до средината на 1974 г.), а потоа како асистент (од јули 1974 г.), во кое звање е преизбрана во 1977 година. Во јули 1977 година, по завршувањето на постдипломските студии, магистрира со трудот од областа на македонската ономатика под наслов „Топонимијата на Струмичко“ (околу 500 страници ракопис, сега отпечатен).

Во октомври истата година (1977) беше две недели во Варшава и Краков (Полска) на научен престој.

Во звањето научен соработник на Институтот е избрана во април 1981 година, а преизбрана во истото звање во 1985 година. Д-р Митева на 3. февруари 1987 година ја предаде на Филолошкиот факултет и својата докторска дисертација „Лексичкиот фонд во приказните на Марко Цепенков“ (во два дела со околу 700 страници машинопис) и ја одбрани успешно кон крајот на 1987 година. Во декември следната година беше избрана во звањето виш научен соработник, а во 1994 година во звањето научен советник и преизбрана во истото звање на 3. IV 2000 година.

Во учебната 1980/1981 и 1982/1983 година по покана од Советот на Педагошката академија „Св. Климент Охридски“ во Скопје, предаваше три предмета: Македонски јазик со култура на говорот на групата Одделенска настава (за Македонци, Албанци и Турци), Современ македонски јазик на групата Македонски јазик и Синтакса на македонскиот јазик на странските јазични групи (руски, англиски и француски).

Од изборот за асистент (1. V 1974 година) д-р Митева работи врз научниот проект „Толковен речник на македонскиот јазик“ (Вид. Библиографија година 1999[1] – број 139, 2002[2] – број 26, 27, 28, 29, 30 и година 2003[3] – број 31, 32, 33) со потпроект „Речник на македонската народна поезија“ од кој се излезени четири тома, петтиот е пред излегување, а има работено и на VI том.

Д-р Митева од изборот во звањето асистент па досега има настапувано со реферати и предавања на повеќе конгреси, конференции, научни собири и симпозиуми, научни семинари и научни дискусии и сл. во Република Македонија и надвор од неа.

Научните интереси на д-р Димка Митева првенствено се насочени, од една страна кон македонската лексикологија и лексикографија, а од друга – кон македонската ономастика, граматика и сл. Таа има напишано од овие области над 400 монографии, научни и стручни трудови во списанијата „Македонски јазик“, „Македонистика“, „Литературен збор“, „Современост“, „Разгледи“ и др., во повеќе зборници од научни и стручни конференции, конгреси, симпозиуми, научни собири и собранија, предавања и сл., во весници, на електронските медиуми и др. (Вид. Прилог: Библиографија на објавени трудови – недокомплетирана – во книгата „Лексичкиот фонд на македонската народна поезија“).

Работејќи во Одделението за лексикологија и лексикографија и, надвор од него, еве веќе 50 години, д-р Митева има определен придонес и во создавањето и проучувањето на неговите речнички фондови: „Картотека на современиот македонски јазик“, „Картотека на народната поезија“, „Картотека на народната проза“ и на „Ономастичката картотека“ кон проектот „Речник на македонската народна поезија“. (Сите тие картотеки вкупно имаат околу 4 милиони зборовни единици).

Има дадено свој придонес и во собирањето и изучувањето и на ономастичкиот материјал од Радовишко-струмичкиот регион (Картотека на топонимите во Македонија, Одделение за ономастика при Институтот за македонски јазик).

Од 1986 година таа стана раководител на Одделението за лексикологија и лексикографија, а малку подоцна и главен истражувач и раководител на проектот „Толковен речник на македонскиот јазик со потпроект „Речник на македонската народна поезија“ (па сè до април 2000-тата година). Од 2000 до крајот на 2002 година го раководи како негов главен истражувач проектот „Речник на македонската народна поезија“.

Д-р Димка Митева се има посебно пројавено на научностручен план во организациониот живот на Институтот за македонски јазик, Институтот за фолклор, Филолошкиот факултет, Педагошката академија, Универзитетскиот совет, Советот на Рацинови средби, Советот на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Советот за развој на македонскиот јазик при Македонската радио и телевизија, член на Советот за македонски јазик при Владата на Република Македонија, член на разни редакциски одбори, како, на пример, во организирањето на Бигорските научни средби, издавањето на јубилејната книга на Педагошката академија (повод 30 години од нејзиното основање). Била член на Издавачкиот совет на списанието „Литературен збор“, уредник на

списанијата „Литературен збор“ и „Македонистика“, рецензент на соработници за избори и преизбори во Институтот и др., рецензент на објавени трудови од областа на македонскиот јазик итн.

За својата работа во Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на Република Македонија во 1994 г. има добиено посебна „Благодарница за особен придонес во проширувањето и обогатувањето на дејностите на Сојузот“. Како претседател на Сојузот и член на неговото Претседателство постигна определени резултати во активирањето на списанието „Литературен збор“ – орган на Сојузот, оживувањето на друштвата, организирањето на годишните и изборните собранија на Сојузот во Радовиш, Скопје и Струмица, во организирањето на „Симпозиумот за животот и делото на Антон Панов“, во воведувањето на натпревар по Македонски јазик и литература за учениците од средното образование и установување на наградата „Ацо Караманов“, во организирањето на натпреварите по Македонски јазик во основните училишта и др. (Вкупно во Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература со своето членување и активно ангажирање поминала 16 години.) Во 2004 година по повод 50-годишнината од неговото основање (1954 – 2004) д-р Митева доби „Плакета за долготрајна соработка со Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на Република Македонија и афирмацијата на македонскиот јазик и литература“.

Посебно треба да се истакне и нејзината дејност во Сојузот на славистичките друштва на Југославија како нејзин член на Претседателството и претседател на Македонскиот славистички комитет (на тие функции д-р Митева учествуваше во организирање на Изборното собрание во 1989 година во Нови Сад) и на друго во Приштина кое не се одржа поради настанатите општествени промени во Државата.

*****

[Поопширно за  афирмацијата на научен и друг план

на д-р Митева, како и за нејзините организациони способности Видете:

1. Томе Саздов: Димка Митева (25 години научна дејност), „Струм-Скоп“, Скопје 1995, стр. 23–42.

2. Рецензиите на професорите: акад. Блаже Конески (сега покоен), акад. Оливера Јашар-Настева (сега покојна), акад. Божо Видоески (сега покоен), научните советници Тодор Димитровски и Благоја Корубин (сега покојни) и Трајко Стаматоски, проф. д-р Кирил Конески, проф. д-р Борис Марков (сега покоен), проф. д-р Томе Саздов (сега покоен), проф. д-р Владимир Цветковски, проф. д-р Рада Угринова-Скаловска (сега покојна), проф. д-р Ружа Паноска (сега покојна), проф. д-р Алекса Поповски, проф. д-р Коста Пеев, проф. д-р Атанас Вангелов, проф. д-р Људмил Спасов, проф. д-р Марија Најческа-Сидоровска (сега покојна), проф. д-р Красимира Илиевска, д-р Стојан Ристески, д-р Александар Џукески, д-р Олга Иванова (сега покојна), д-р Љубица Станковска, (тие се наоѓаат во Архивата на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје, Филолошкиот факултет, Скопје, во други високонаучни и образовни институции, а исто така се печатени и во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје), па проф. д-р Кирил Пенушлиски, д-р Васил Тоциновски, д-р Мито Аргировски, д-р Симона Груевска-Маџоска, д-р Елка Јачева-Улчар, д-р Мери Цубалевска, д-р проф. Вера Стојчевска-Антиќ, м-р Маринко Митков, м-р Драгица Божинова, м-р Бобан Карапејовски, проф. Благојка Филипчева и др.]

3. Од странските лингвисти ќе го споменеме само полскиот етнолингвист Мјечислав Бучињски (сега покоен). Тој во својата рецензија за I том на „Речникот на македонската народна поезија“ (коавтор со Мирјана Гигова, Тодор Димитровски и Германија Шокларова-Љоровска) напиша: „„Речникот на македонската народна поезија“ е несомнено пионерски труд и потребно издание. Тоа јасно ја подвлекува посебноста на македонскиот јазик меѓу другите словенски јазици, неговите разлики и богатство. Тој е прв речник од овој тип

во словенскиот свет, а токму решенијата, принципите и пробите (застапени овде) ќе бидат појдовен пункт при редактирањето на следните јазично-фолклористички речници.“ (Етнолингвистика, број 5, Лублин (Полска) 1992, стр. 161)

Сега, во моментов, д-р Димка Митева е член на Советот при Институтот за литература на Република Северна Македонија.

За својата научна и општествена работа д-р Димка Митева е одликувана од страна на Претседателството на СФРЈ со Орден на трудот со сребрен венец (во 1985). Оттогаш наваму нема добиено никаква награда или друг вид призание. Но таа е благодарна што на 73 години уште може да работи и пишува на и за својот јазик – македонскиот.

Скопје, јуни 2018 година